- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА –

Оддел за административни и помошно-технички работи

Датум: 30.04.2026 год.
Архивски бр. 1301-2570/2

ДО:

ПРЕДМЕТ: Одговор на барањето од службеното лице за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

**Врз основа на Вашето барање на информацијата, согласно член 8 став 3** од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), и процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви доставуваме информација по Барањето доставено до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово од лицето

**Забелешка:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово Ви доставува одговор на барање поднесено по е-меил.

Во Прилог:
Решение со одговор на Ваше барање

Одговорна служба/ лице

Јелена Спасевска Митевска


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Ул.
Република Северна Македонија
+389
www:
e-mail:

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale për punë sociale e qytetit

Бр.-Nr. 1301-2570/1
30.04.2026 год.-viti/e.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот . поднесено по е-меил на ден 29.04.2026г., имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од . по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. Колку семејства во ризик од сиромаштија се идентификувани?
2.Колкав е бројот на деца во ризик од сиромаштија?
3.Колкав е бројот на деца со попреченост и бројот на семејства со повеќе деца со попреченост?
4.Колкав е бројот на деца без родителска грижа?
5.Колкав е вкупниот број на деца кои живеат во комплексна семејна средина (нарушени семејни односи, индиции за семејно насилство, пријавено семејно насилство)?

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово согласно член 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019),

Ви ја доставува информацијата:

1. Според годишниот извештај на ЈУМЦСР Куманово заклучно со 31.12.2025 година се евидентирани 4850 семејства во ризик од сиромаштија.
2. Според годишниот извештај на ЈУМЦСР Куманово заклучно со 31.12.2025 година се евидентирани 2561 дете во ризик од сиромаштија.
3. Според годишниот извештај на ЈУМЦСР Куманово заклучно со 31.12.2025 година до 26 годишна возраст се евидентирани 634 лица со попреченост.
4. Според годишниот извештај на ЈУМЦСР Куманово заклучно со 31.12.2025година бројот на деца без родителска грижа изнесува 73.
5. Според годишниот извештај на ЈУМЦСР Куманово заклучно со 31.12.2025година вкупниот број на деца кои живеат во комплексна семејна

средина (нарушени семејни односи, индиции за семејно насилство, пријавено семејно насилство) евидентирани се 98.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово на ден 30.04.2026 година.

По овластување на В.Д. Директор
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Јелена Спасевска Митевска